**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ И МАРТ* 2010 ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ И СОСТОЈБАТА СО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО**

Во тримесечниот извештај за јануари, февруари и март 2010 г. за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, ТМ сака да предупреди за следните случаи:

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**1.** Спротивно на јасните одредби на Уставот на РМ, кој предвидува неспоивост на министерската со која било друга функција или професија (чл. 89, Устав на РМ) и на Законот за судир на интереси, чија цел е да се обезбеди спречување на злоупотребата на власта и доверените јавни овластувања на службеното лице за остварување на лични цели, **вицепремиерот Васко Наумовски**, веројатно користејќи ја својата политичка функција, си издејствувал место наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. За таквата своја постапка, во која има јасно сомневање за судир на интереси, иако бил законски обврзан, тој не побарал мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Транспарентност Македонија укажува дека случајот со г. Наумовски спаѓа во коруптивните практики кои се квалификуваат како „трговија со влијание"** односно случаи кога функционери користат прикриени форми на влијание - иако во оваа коруписка афера притисокот е направен дрско и отворено - за незаконско остварување на лични или групни интереси.

---

* *Транспарентност - Македонија* (ТМ) објавува редовни месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата со транспарентноста во македонското општество, во областа на работењето на државните органи и другите општествени и политички институции во РМ. Преку извештаите ТМ укажува и предупредува на неправилности и непочитување на процедурите и добрите практики во спроведувањето на јавните политики и трошењето на јавните пари. Намерата е актерите во македонската политика, како и граѓаните, овие забелешки да ги сфатат конструктивно, како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во РМ во областа на транспарентноста на општеството и борбата против криминалот и корупцијата. Месечните извештаи се финансирани од страна на ФИООМ (Фондација Институт отворено општество-Македонија).

Во случајов, не се работи за изолиран инцидент, туку за сериозен системски и политички проблем, бидејќи аферата со г. Наумовски е една од повеќето врзани за вработување на владејачки партиски кадри на Правниот факултет во Скопје. Таму веќе неколку години наназад, преку ред, формална согласност за вработување добиваат само кадри на владејачката партија: така се вработени пратениците на ВМРО-ДПМНЕ **Александар Спасеновски** и **Христина Рунчева**, поранешната секретарка на премиерот **Никола Груевски**, **Милена Апостоловска**, како и неколку асистенти и соработници на претседателот **Георге Иванов**. На Правниот факултет како наставник работи и братот на вицепремиерот Наумовски.

Во минатото, во различни владеачки гарнитури, бројни професори од Правниот факултет во Скопје, како и од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", извршувале високи државни функции. Но, ова е првпат кадровските трансфери да се прават во обратна и недозволиво коруптивна насока, од власта кон Универзитетот. Тоа ги нарушува угледот, интегритетот и автономијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. **ТМ укажува дека оваа срамна и коруптивна практика на власта се одобрува и од самите универзитетски власти и тамошниот професорски кадар, со што на уште една професија во македонското општество - покрај судската, обвинителската, новинарската и лекарската, на пример - и се нанесува тежок удар врз професионалниот интегритет и достоинство.**

**2.** ТМ сака да ја предупреди јавноста дека одлуката на Владата ревизорското тело за начинот на кој се трошат средствата од ИПА-фондовите да биде под владина контрола, а не да биде независно, како што е предвидено со Специјалниот протокол потпишан со ЕУ, драстично ја намалува довербата во начинот на кој ќе се врши контролата. Со оглед на бројните коруптивни афери врзани за трошењето на јавните фондови од страна на власта, **ТМ смета дека со ваквата одлука на Владата се создаваат услови за поттикнување на корупцијата и со овие европски фондови.**

## СУДСТВО

**3.** Пред неколку седмици конечно беше објавена фамозната анкета за судската независност според која 43% од анкетираните судии сметаат дека има мешање во работата на судството однадвор и дека таквото мешање влијае врз спроведувањето на правдата. Испитаниците ги сметаат извршната власт и политичките партии за најголем извор на притисоци врз судството. За 66% од анкетираните судии, Судскиот совет не ја извршува соодветно својата функција и не дејствува независно.

**ТМ го поздравува признанието на Владата дека врз Судскиот совет и судството навистина се вршени притисоци од страна на Министерот за правда, како и тоа дека покажа подготвеност да предложи промени во Уставот во делот за изборот и составот на**

**Судскиот совет.** Навистина, учеството по функција на Министерот за правда во Судскиот совет беше најкритикувана точка во функционирањето на ова тело кое, наместо гарант за независноста на судството, како што се предвидуваше, израсна во инструмент на извршната власт за влијанија врз судството и судиите. Впрочем и Транспарентност Македонија неодамна предложи Министерот за правда да учествува без право на глас во Судскиот совет и во Советот на јавните обвинители, што по однос на Судскиот Совет е поскромно или помалку радикално решение од ова што сега се става на маса од самата извршна власт.

Со оглед на досегашната практика, **ТМ смета дека и ова може да биде ново „политичко пукање во празно", доколку не е израз на вистинска волја на политиката да ги тргне рацете од судството.** И власта и, во ограничен обем, опозицијата користат различни облици и методи за влијание врз судството. Нема уставни измени што можат да го спречат тоа влијание доколку за тоа не постои демократска зрелост и реална политичка подготвеност.

Со слични шанси за успех, од исти причини, е и вториот предлог за измените во составот на Судскиот совет. Навистина, теориски, зголемувањето на бројот на судии на сметка на други членови во Советот би требало да обезбеди поголемо влијание на судската професија врз овој орган и судството во целина. Во практика, пак, кога се има предвид силната желба за политичко мешање во судството, ова може да се изроди во своја спротивност, со трка околу тоа кој ќе вметне повеќе „свои луѓе" во Судскиот совет, што само дополнително ќе ја камуфлира, а нема да ја намали политичката инволвираност во судството.

Истовремено, **ТМ изразува зачуденост зошто, кога веќе се предлагаат корекции, вакви или слични измени не се предлагаат и за јавното обвинителство, кое и натаму останува на половина пат меѓу извршната и судската власт. За обвинителството со Уставот на РМ се гарантира самостојност, но не и независност - излегува дека самостојноста се остварува како делумна зависност од извршната власт?!** Дотолку повеќе што со реформата на казнено-правниот систем јавното обвинителство треба да преземе дел од одговорностите што досега ги носеше судската власт, како нов гарант за законитоста и за заштита на човековите права во кривичните истраги.

Стручната јавност со голема загриженост го прими мислењето на Јавното обвинителство на РМ за Нацртот на новиот ЗКП. Имено, Јавното обвинителство на РМ очигледно не покажува амбиции и подготвеност да прифати активна и раководна улога во истрагата. Изненадува како тоа јавното обвинителство начелно го прифаќа концептот на обвинителска истрага, а не сака да има сопствени капацитети, туку да остане орган кој работи исклучиво канцелариски и во целост зависи од МВР!

Можеби е подобро со ова раководство во ЈО и МВР реформата да се одложи за подобри времиња. Во спротивно, обвинителската истрага може да стане полициска со големи опасности за човековите права и слободи.

**4. ТМ ја поздравува иницијативата на опозициската СДСМ за уставни промени во врска со незастарување на криминалот и корупцијата при македонската приватизација. Истовремено, ТМ е на став дека во оваа иницијатива повеќе станува збор за политички потег, отколку за правно издржан предлог, бидејќи во случајов не се работи за уставно прашање, туку за прашање на спроведување на криминална политика.** Имено, законитоста на делата и казните од чл. 52 од Уставот не може да се толкува како некакво основно човеково право на неказнување на криминалците кои не се откриени или не биле фатени на време. Впрочем, и со сегашниот Устав не застаруваат определени кривични дела, како, на пример, делата против човечноста и меѓународното право и сл.

**5.** Резултатите од работата на Уставниот суд на РМ се добар индикатор за квалитетот и ефикасноста на работењето на македонскиот законодавен дом. Тие упатуваат на заклучокот дека Собранието е претворено во послушник и некритичен извршител на непромислените и популистички владини политики, особено засилени од есента 2008 г., веднаш по целосното освојување на власта од страна на владејачката партија. Две години подоцна ги чувствуваме негативните резултати од импровизантската законодавна политика на македонскиот популизам.

Во првото тромесечје на 2010 г. цели проекти на Владата од областа на здравственото осигурување и социјалната помош паднаа на Уставен суд или, пак, беа повлечени од самата Влада која во 2008 г. беше нивен предлагач. Станува збор за проектот „Бејби бум“ кој беше промовиран како рецепт на Владата за зголемување на наталитетот во ниско наталитетните општини во Македонија (со мнозинско македонско население). Ваквата дискриминирачка одредба беше укината од Уставниот суд, со што беа ставени во рамноправна положба сите жени во Република Македонија кои одлучиле да станат мајки еднаш или повеќе пати. По оваа одлука, Владата реши да ја напушти идејата за парични стимуланси на зголемувањето на наталитетот во државата.

Слична одредба содржеше и Законот за здравственото осигурување која пред да ја доживее вообичаената судбина од Уставниот суд, заради неуставноста, беше „повлечена“, односно изменета од Министерството за здравство – истото министерство што две години претходно ја подготви и ја предложи. Собранието, се разбира, експресно ја измени одредбата, која никогаш не доживеа своја примена во практиката.

Последниот дебакл на бројните непромислени владини политики мотивирани од желбата за јакнење на монополистичката положба на Фондот за здравствено осигурување, се случи со одлуката на Уставниот суд според која осигурениците ќе можат да го користат здравственото осигурување во сите здравствени установи во државата, како јавни, така и приватни. Онака како што предвидува и македонскиот Устав, не правејќи разлика помеѓу јавните и приватните здравствени установи.

Сепак, Законот за пушење можеби најдобро ја илустрира трагикомичната состојба во Македонското собрание: откако, вообичаено,

брзоплетото го донесоа и се соочија со остри спротивставувања во јавноста, набрзо по стапувањето во сила Законот беше изменет на предлог на пратеници од владејачката партија, истите оние кои го жестоко го бранеа и го изгласаа неговото првично донесување!

Уште една законска обврска, импровизантски донесена, жестоко бранета, па потоа набрзина повлечена - онаа за задолжително поседување на определени противпожарни апарати во приватните автомобили - внесе забуна и правна несигурност кај граѓаните, а направи сериозни штети во бизнис секторот кај оние кои увезуваат противпожарна опрема.

Истото се однесува и со „драмолетката“ за фирмарините во Скопје: од кого и од кога ќе се наплаќаат, колкави ќе бидат, дали казните ќе важат ретроактивно, ќе се наплаќаат ли камати и сл. Градоначалниците како извршни органи на единиците на локалната самоуправа немаат право да воведува такси, даноци и други јавни давачки, бидејќи таквата надлежност е на Собранието на РМ. Споменатата такса е одамна воведена со Законот за комунални такси, па градоначалникот е должен да го спроведе и изврши секој закон од неговата надлежност, без да има право на селективен избор која законска одредба ќе ја изврши, а која нема, во зависност од тоа со колкав степен на популизам сака да управува.

**ТМ бара од власта итно да престане со играње на улогата на главен фактор за правна несигурност во земјата. Владата треба одговорно, реално и законито да постапува, со прилагодување на своите политики кон одредбите во Уставот, во законите и според меѓународните стандарди, наместо упорно и тврдоглаво за свој „правен“ основ за делување и за подготовка на легислативата да ја зема партиската програма за преродба на владеачката партија!**

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**6.** Во своите редовни извештаи во 2009 г. ТМ година ги повика сите надлежни институции да постапат по извештаите на Државниот завод за ревизија (ДЗР), во кои беа констатирани низа неправилности во работењето на поголем број државни институции, меѓу кои и Владата на РМ, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за спречување перење пари и финансирање тероризам, Министарството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за странски директни инвестиции и тн. Иако се работи за доста долг список на институции во кои се одвивало очигледно ненаменско трошење на државни пари, до ден денес нема никаков епилог за кој било навод од државната ревизија.

Од друга страна, постојат сомнежи во јавноста дека Владата врши притисок во програмата за работа на ДЗР за 2010 г. да се избегнат поголемите министерства и државни институции, особено оние кои се раководени од кадри на владеачката ВМРО-ДПМНЕ, каде што може да се очекува да има ненаменско и нерационално трошење на државни пари.

**ТМ повторно ја охрабрува Владата и сите надлежни институции да не се плашат и да постапат според наодите на ДЗР во кои се укажува за ненеманеско и неефикасно трошење на државни пари. ТМ предупредува дека евентуалните притисоци врз работата на ДЗР само ќе ги охрабрат криминалните и коруптивните активности и во 2010 г., на штета на македонските граѓани.**

**7.** Објавениот конечен извештај на Државниот завод за ревизија за работата на Агенцијата за странски инвестиции (АСИ) за 2008 г. во целост ги потврди сомневањата кои подолг период беа присутни во јавноста, а се однесуваа за оправданоста на проектите кои се реализираат преку оваа институција. Податоците изнесени во овој извештај до таа мерка се поразителни, што се доведува под прашање и разумноста од натамошно егзистирање на Агенцијата, со ваков профил, со ваква агенда и со ваков буџет. Во АСИ нема однапред дефинирани критериуми за успешност во работата, што не обезбедува еднаков третман на потенцијалните странски инвеститори. Ревизорот искажува отворен сомнеж дека 74.740.000 денари, односно преку 1.2 милјони евра, во форма на државна помош на странските инвеститори, се наменски потрошени средства. "Системот" на менаџирање со овие средства отвара простор за субјективизам при одлучувањето, што е главен предуслов и за коруптивно однесување.

Истото се однесува и на потрошените средства за т.н. економски промотири на Република Македонија во странство. За нивната мисија потрошени се цели 35.950.000 денари, односно скоро 600.000 евра, без никаков мерлив ефект.

Состојбата во АСИ е поразителна и од аспект на функционирањето на нејзините органи и незаконитостите при спроведените јавни набавки. Така, во ревизорскиот извештај се наведува дека Управниот одбор на АСИ веќе подолго време работи без потребен кворум, што значи дека неговите седници и одлуки се нелегитимни. Во Агенцијата не се воспоставени неопходните процедури и сметководствени стандарди за одобрување и плаќање на презентираните сметки. Сето тоа е сведено на добрата желба на директорот, кој автономно и без каков било воспоставен систем, одлучува кому, колку и дали ќе се плати.

Како последица на таквиот хаотичен амбиент, констатирани се тешки злоупотреби при јавните набавки. Посочуваме само на две од нив:

- без спроведена постапка за јавна набавка, АСИ потрошила 7.340.000 денари за печатење промотивни материјали, организирање на саемски презентации, превоз и друг вид на услуги; и
- за изработка на телевизиски спот избрана е најнеповолната понуда, за која е платено 5.472.000 ден.

**ТМ го прашува Премиерот Никола Груевски која е смислата од постоењето на АСИ и кој е ефектот од нејзиното работење и дали детектираното расипништво во нејзиното работење е дел од промотивната стратегија за привлекување странски инвестиции?**

**ТМ го повикува Јавниот обвинител на РМ и Државната комисија за спречување на корупцијата да се произнесат во однос на, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, потрошените 12.812.000 денари во АСИ и одговорноста на директорот Виктор Мизо за таквото работење на Агенцијата.**

**ЈАВНИ НАБАВКИ**

**8.** Скопското основно училиште „Рајко Жинзифов" брои 1.200 ученици кои цела година користат само два тоалета. Останатите тоалети се во срамна и неупотреблива состојба. Министерството за образование распишало тендер за поправка и реконструкција на овие тоалети. Од фирмата избрана на тендерот известиле дека цела година не отпочнале да работат на тоалетите затоа што Владата им должи пари не само за овој, туку и за други тендери што ги имаат добиено. На сето тоа, коментарот на министерот за образование и наука е дека парите им биле исплатени, но „најверојатно некаде залутале".

**ТМ прашува: Дали доколку залутаа повеќе од десет илјади евра сопствени пари на министерот за образование и наука, тој немаше да ја провери веројатноста на насоката на „залутаните" пари?**

**СОСТОЈБИ ВО ДКСК**

**9.** Во изминатите неколку недели јавноста беше сведок на внатрешните превирања и сплетки во ДКСК. Ваквата состојба не е за изненадување, туку е логична последица на тригодишната агонија на оваа институција.

Состојбите во ДКСК воопшто не се наивни и тие наложуваат нивно итно согледување во реална димензија и преземање на адекватни мерки. Ако во периодот од првиот состав на ДКСК постоеше проблем од институционална природа, на релација ДКСК – Јавен обвинител, денес проблемот е внатрешен. Денес ДКСК е проблем сам за себе, па во такви околности ДКСК воопшто и не може нормално да работи, ниту пак да изгради некаков став по однос на актуелните коруптивни случувања. Тоа резултираше со нејзино комплетно пасивизирање и изземање од законските надлежности кои е должна да ги спроведува.

Денес ДКСК има нов претседател, па се поставува прашањето дали тоа може нешто да смени во нејзината работа? ТМ прашува не е ли наивно да се верува дека проблемот со Комисијата беше единствено во досегашната претседателка, со оглед на тоа што полни три години од ДКСК не произлезе ниту едно поинакво, издвоено мислење од останатите членови по ниту едно прашање од доменот на работата на ДКСК? Единствена новост е сознанието дека ДКСК е поделена во 2-3 табора и разнишана длабоко во своите темели.

**ТМ повторно го повикува Собранието на РМ сериозно да ги согледа состојбите во ДКСК и итно да преземе мерки за враќање на**

**угледот на оваа институција, при што не треба да се воздржи од отповикување на овој состав на Комисијата.**

**СЛУЧАЈ "СКОПЈЕ 2014"**

**10.** Во февруари 2010 г. беше промовиран проектот „Скопје 2014“, поддржан од Општина Центар, Градот Скопје и Владата на РМ. Проект го привлече вниманието на јавноста бидејќи е следен од низа контроверзи и нерегуланости кои на овој проект му ја лепат етикетата „матна зделка“ и „перење пари“.

Проектот го привлече внимание на ТМ поради мистеријата на финансиската конструкција за неговото реализирање. Имено, Можно ли е Општина Центар, Градот Скопје и Владата на РМ да влегле во ваков капитален проект, а да не знаат ни приближно точно колку средства се потребни за неговата реализација? Градоначалниците на Општина Центар и на Град Скопје упорно ги избегнуваат одговорите на ова прашање, иако наддавањата во јавноста се движат од 80 до 240 милиони евра!

Ова е само уште едно продолжение на „сапунскиот серијал“ со многу корупциски елементи за бројот, изгледот, цената, роковите за испорака и начинот на кој се порачани и се изведуваат споменициte во центарот на Скопје. Индициите за ненаменско и криминално трошење на државни пари се големи.

**ТМ ја користи и оваа прилика да ги повика општина Центар, Градот Скопје и Владата на РМ итно и целосно да ја информираат јавноста за финансиските детали на овој мега-проект. Во спротивно, ќе биде оправдан впечатокот дека се работи за една голема и добро организирана државна „перална за пари“.**

**СЛУЧАЈ "ХОТЕЛ ЗАД РАМСТОР"**

**11.** Се оправдаа сомнежите и предупредувањата и на ТМ од пред неколку години дека целата постапка и резултатот од изборот на најповолен понудувач за изградба на хотел на локацијата зад „Рамстор“ е крајно контраверзен и сомнителен. Имено, врз основа на фактите презентирани пред македонската јавност, има индиции дека фирмата ХЛХ, што купи земјиште зад „Рамстор“ во Скопје за изградба на хотел и која е основана во јули 2007 г., е фантомска фирма, без никакви активности во 2008 и 2009 г. Од изводот од Централниот регистар во Лондон произлегува дека фирмата „ХЛХ Маседонија ЛЛП“ била регистрирана на 12 јули 2007 г., но освен адресата на седиштето, нема какви било други податоци што би покажале некаква активност на оваа фирма. Во историјата на фирмата се наведени неколку промени на седиштето, како и нови членови на бордот, промена на името и слично, но нема податоци за постојни директори и други службеници.

**ТМ ја повикува Владата на РМ и Министерството за транспорт и врски да образложат која е фирмата ХЛХ и дали оваа фирма била**

**воопшто квалификувана да учествува на тендерот? Владата треба да ја извести јавноста и за тоа кога е закажан новиот датум за отворање на планираниот хотел и дали тоа ќе биде во оваа деценија?**

Април 2010


Транспарентност Македонија
"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100

www.transparentnost-mk.org.mk